# СТОПАНСКА КОМОРА НА МАКЕДОНИЈА

## Здружение на банкарството

*Здружението на банкарството е стручен облик на организирање и работење во рамките на Стопанската комора на Македонија, преку кој членовите на Комората од дејноста финансиско посредување, самостојно одлучуваат и вршат работи и задачи од интерес на соодветната дејност, односно дејности.*



**Здружението на банкарството** е основано во 1970 година со цел унапредување и заштита на заедничките интереси и развој на банкарскиот сектор. Од тогаш па наваму Здружението прерасна во едно од најголемите здруженија и стана пример за ефикасност и ефективност во рамките на Стопанската комора на Македонија и пошироката јавност.

**Членови на Здружението** се сите банки и штедилници регистрирани во Република Македонија, како и друштва за работа со хартии од вредност, лизинг-компании и друштва за управување со инвестициски фондови. Во работата на Здружението членува и Клириншки интербанкарски системи АД-Скопје - КИБС, додека Интернационалниот картичен систем - КАСИС, Комисијата за хартиии од вредност, Централниот депозитар за хартии од вредност, Македонската берза на хартии од вредност АД-Скопје, како и Фондот за осигурување на депозити се активни партнери и учествуваат во работата на истото.

# Цели на Здружението на банкарството

## Основни цели и задачи на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија се:

- разгледување прашања во врска со унапредување на работењето и решавање на тековните проблеми во финансиската дејност, вршење промотивни активности и организирање саеми, едукативни настапи, стопански делегации што се од посебен интерес на Здружението и на членките во целина;
- усогласување на пројавени спротивности и различни интереси во рамките на својата дејност, имајќи ги предвид и интересите на стопанството во целина;
- усвојување заклучоци и предлагање мерки што се од заеднички интерес на членовите, а кои не се во спротивност со позитивните законски прописи и добрите деловни обичаи во нашата земја;
- разгледување предлози на закони и други прописи, давање мислења и предлози по прашања од заеднички интерес на членовите и покренување иницијативи за донесување и за измени и дополнувања на истите;
- иницирање и остварување соработка по прашања од заеднички интерес со членови од други здруженија во рамките на Комората и меѓународна соработка во согласност со програмските активности и општите акти на Комората;
- унапредување на бизнис-климата во земјата, поттикнување на имплементацијата на европските правила и стандарди и перманентното функционално образование и иновација на знаењата на стручните кадри од дејноста;
- промовирање на Комората како препознатлива институција на бизнисот и неутрално место за консултирање на бизнисот за сите прашања и иницијативи од интерес за стопанството.

Во Здружението може да се добијат и да се разменат различни информации и податоци за финансиското посредување и за учесниците во финансиските пазари, како и стручна и логистичка помош.

Работата на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија се одвива преку редовни седници, на кои учествуваат сите членки. Здружението има претседател и потпретседател кои се избираат од редовите на членките. Мандатот на претседателот и потпретседателот на Здружението на банкарството изнесува 4 години, со можност за повторен избор.

Во 2001 година за претседател на Здружението беше избран господин Хари Костов, претседател на Управниот одбор на Комерцијална банка АД - Скопје, додека во 2005 година за претседател беше избран д-р Глигор Бишев, тогашен претседател на Управниот одбор на Стопанска банка АД - Скопје. Четири години подоцна, односно во 2009 година, членовите на Здружението го избраа новото раководство, односно за претседател се избра господин Ѓорѓи Јанчевски, претседател на Управниот одбор на НЛБ Тутунска банка АД - Скопје, а за потпретседател беше избран господин Бернард Коенинг, претседател на Управниот одбор на Охридска банка АД - Скопје. Истата година, поради пензионирање на господин Бернард Коенинг, направен е реизбор и за потпретседател е назначена г-ѓа Литка Пантучкова, претседател на Управниот одбор на Охридска банка АД - Скопје.

На 41-та седница на Здружението, одржана во декември 2013 година, членовите со едногласна одлука изгласаа уште еден мандат на претседателот и потпретседалот на Здружението на банкарството, односно претседател во мандатниот период 2013-2017 година е господин Ѓорѓи Јанчевски, а потпретседател г-ѓа Литка Пантучкова.

EBF European Banking Federation

The Voice of European Banks

По аплицирањето за членство на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија во Европската банкарска федерација (ЕБФ), на големо задоволство и чест на Здружението, Одборот на ЕБФ, на 112-та седница одржана на 8 април 2011 година во Будимпешта, го одобри асоцијативниот статус на Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија во оваа Европска банкарска асоцијација. Врз основа на тоа, ***на 1 јули 2011 година, Здружението на банкарството при Стопанската комора на Македонија официјално стана придружна членка на Европската банкарска федерација (ЕБФ)***, што е потврда за добрата организираност и успешната работа на банкарскиот систем во Република Македонија.

Во рамките на Здружението дејствуваат и постојани работни тела – групации, комисии, секции, одбори и други форми на организирање и работење. Овие тела се двигател на работата на Здружението и се формирани пред се` за да разгледуваат конкретни прашања од интерес и значење за сите членови, заеднички да делуваат и да учествуваат во доставување мислења и забелешки по одредени законски и подзаконски прописи со цел да се подобри развојот на банкарските активности, да се поттикне развојот на добрите деловни обичаи и деловната етика, како и за поефикасно и поефективно решавање на актуелните прашања од значење за работењето на финансиската дејност.

Групации во рамките на Здружението на банкарството кои успешно функционираат во дејноста која ја покриваат се:

- Групација за лизинг;
- Групација за штедилници и финансиски друштва;
- Групација за работење со хартии од вредност и
- Групација на друштва за управување со инвестициони фондови.

Тргнувајќи од 2009 година, до сега, се формирани и успешно работат следните комисии во рамките на Здружението на банкарството:

- Комисија за Compliance & AML;
- Правна комисија;
- Комисија за ризици;
- Комисија за сметководство и даноци и IFRS;
- Комисија за платен промет во земјата и во странство;
- Комисија за ликвидност и
- Комисија за документарно работење (Trade Finance).



## Банкарскиот систем во Република Македонија

Банките се основни институции во македонскиот финансиски сектор. Тие се стожер на развојот на економијата и придонесуваат за општа благосостојба на долг рок.

Процесот на транзиција кон пазарна економија во Република Македонија ги опфати сите сегменти на општеството, не заобиколувајќи ги и банките.

Монетарното осамостојување на Македонија беше извршено во согласност со донесувањето на законските акти од областа на монетарната политика и девизната политика на 26 април 1992 година, со што беа поставени и темелите на банкарскиот систем на Република Македонија. Преструктурирањето на македонскиот банкарски систем започна во 1995 година, преку отпис на старото девизно штедење, побарувањата и обврските во однос на странските кредити.

Со конституирањето на НБРМ се воспоставија услови за развивање на нови односи во областа на банкарскиот систем засновани на следниве начела:

- изготвување на нова сеопфатна регулатива;
- еднакви услови за основање на банка, без разлика на статусот на основачот, неговото потекло и видот на сопственоста;
- приспособување на банките кон условите на пазарната економија;
- сигурност и заштита на штедните влогови.

Основната цел на овие начела беше создавање на здрав банкарски систем, како предуслов за враќање на довербата на граѓаните.

Банките се финансиски институции, кои ги трансформираат депозитите во финансиски средства, канализирајќи ги средствата од ентитетите кои имаат вишок на ликвидни средства, кон оние кои имаат недостаток од истите. Со тоа, тие ги олеснуваат капиталните текови и трговијата. Како такви, банките го сочинуваат јадрото на финансискиот систем и имаат големо влијание на неговата ефикасност и сигурност, како и на ефикасноста на целокупната економија. Поради ова, од големо значење е севкупната ефикасност на банкарскиот систем. Така, поуспешната работа на банките ќе придонесе за поевтино кредитирање на економските субјекти, што ќе резултира со зголемување на кредитниот потенцијал за инвестирање на претпријатијата и со поттикнување на личната потрошувачка на населението.

# Членови на Здружението на банкарството (по азбучен редослед)

| Ред. број | Банки | Контакт |
|---|---|---|
| 1. | Еуростандард банка АД - Скопје | Адреса: ул. Никола Кљусев, бр. 2, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3228 444<br>Факс: + 389 (2)3224 095<br>Веб-страна: www.eurostandard.com.mk |
| 2. | Капитал банка АД - Скопје | Адреса: ул. Филип Втори Македонски, бр.3<br>ТЦ Соравиа спрат 6, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3102 500<br>Факс: + 389 (2) 3112 830<br>Веб-страна: www.capitalbank.com.mk |
| 3. | Комерцијална банка АД - Скопје | Адреса: ул. Орце Николов, бр. 3, п. фах 563, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3168 168<br>Факс: + 389 (2) 3124 064<br>Веб-страна: www.kb.com.mk |
| 4. | Македонска банка за поддршка на развојот АД - Скопје | Адреса: ул. Вељко Влаховиќ, бр. 26, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3115 844, + 389 (2) 3114 840<br>Факс: + 389 (2) 3239 688<br>Веб-страна: www.mbdp.com.mk |
| 5. | НЛБ Тутунска банка АД - Скопје | Адреса: ул. Мајка Тереза, бр. 1, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 5100 601<br>Факс: + 389 (2) 3105 681<br>Веб-страна: www.tb.com.mk |
| 6. | Охридска банка АД - Скопје | Адреса: ул. Орце Николов, бр. 54, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3167 600<br>Факс: + 389 (2) 3117 164<br>Веб-страна: www.ob.com.mk |
| 7. | Поштенска банка АД - Скопје | Адреса: ул. Никола Кљусев, бр. 6, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3140 200<br>Факс: + 389 (2) 3140 216 +389 (2) 3140 220<br>Веб-страна: www.postbank.com.mk |
| 8. | ПроКредит банка АД - Скопје | Адреса: бул. Јане Сандански, бр. 109 а, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3219 900; +389 (2) 2446 000<br>Факс: + 389 (2) 3219 901<br>Веб-страна: www.procredit.com.mk |
| 9. | Силк Роуд Банка АД - Скопје | Адреса: бул. Даме Груев, број 1, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3251 900<br>Факс: + 389 (2) 3251 911<br>Веб-страна: www.alphabank.com.mk |
| 10. | Стопанска банка АД - Битола | Адреса: ул. Добривое Радосавлевиќ, бр. 21, Битола<br>Телефон : + 389 (47) 207 500<br>Факс: + 389 (2) 207 513<br>Веб-страна: www.stbbt.com.mk |
| 11. | Стопанска банка АД - Скопје | Адреса: ул. 11 Октомври, бр. 7, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3295 295<br>Факс: + 389 (2) 311 4503<br>Веб-страна: www.stb.com.mk |

| Ред. број | Банки | Контакт |
|---|---|---|
| 12. | **ТТК Банка АД - Скопје** | Адреса: ул. Народен Фронт, бр. 19 а, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3236 401; + 389 (2) 3236 400<br>Факс: + 389 (2)3236 444<br>Веб-страна: www.ttk.com.mk |
| 13. | **Универзална инвестициона банка АД - Скопје** | Адреса: ул. Максим Горки, бр. 6, Скопје<br>Телефон : +398 (2) 3111 111; +389 (2) 3286 100<br>Факс: + 389 (2) 3130 448<br>Веб-страна: www.unibank.com.mk |
| 14. | **Халкбанк АД - Скопје** | Адреса: бул. Св. Кирил и Методиј, бр. 54, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3240 800<br>Факс: + 389 (2) 3240 801<br>Веб-страна: www.halkbank.mk |
| 15. | **Централна кооперативна банка АД - Скопје** | Адреса: ул. 1732, бр. 2, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3249 302<br>Факс: + 389 (2) 3249 377<br>Веб-страна: www.ccbank.mk |
| 16. | **Шпаркасе Банка Македонија АД - Скопје** | Адреса: ул. Македонија, бр. 9-11, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3200 500<br>Факс: + 389 (2) 3200 515<br>Веб-страна: www.sparkasse.mk |

| Ред. број | Штедилници | Контакт |
|---|---|---|
| 1. | **АЛ КОСА Штедилница** | Адреса: ул. Ванчо Прќе 6б, Штип<br>Телефон : + 389 (32) 392 960<br>Факс: + 389 (2) 393 163<br>Веб-страна: www.alkosa.com.mk |
| 2. | **МОЖНОСТИ Штедилница** | Адреса: бул. Јане Сандански, бр. 111, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 2401 051<br>Факс: + 389 (2) 2401 049<br>Веб-страна: www.moznosti.com.mk |
| 3. | **Штедилница МАК-БС** | Адреса: ул. Даме Груев, блок 1, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3131 190<br>Факс: + 389 (2) 3166 466<br>Веб-страна: www.makbs.com.mk |
| 4. | **Штедилница ФУЛМ** | Адреса: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин бр.48, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3115 244; + 389 (2) 3131106<br>Факс: + 389 (2) 3115 653<br>Веб-страна: www.fulm.com.mk |

| Ред. број | Финансиски друштва | Контакт |
|---|---|---|
| 1. | **БАВАГ финансиско друштво** | Адреса: ул. Кочо Рацин, бр. 32/1-1, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3134 362<br>Факс: + 389 (2) 3134 362 |
| 2. | **Динерс Клуб Интернационал МАК** | Адреса: ул. Кеј 13 Ноември, ГТЦ 2/2, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3114 444<br>Факс: + 389 (2) 3129 075<br>Веб-страна: www.diners.com.mk |

| Ред. број | Финансиски друштва | Контакт |
|---|---|---|
| 3. | **МЛАДИНЕЦ финансиско друштво** | Адреса: бул. Гоце Делчев, бр. 11 / ЛА 1, ДТЦ Мавровка, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3238 712<br>Факс: + 389 (2) 3161 802<br>Веб-страна: www.mladinec.com.mk |
| 4. | **ПЕОН финансиско друштво** | Адреса: бул. Маршал Тито 66, Струмица<br>Телефон : + 389 (34) 321 927<br>Факс: + 389 (34) 345 706<br>Веб-страна: www.peon.com.mk |
| 5. | **Финаниско друштво ФАКТОР ТРУСТ** | Адреса: ул. Кеј 13 Ноември, ГТЦ/ кула 3-3, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3224 476<br>Факс: + 389 (2) 3231 325<br>Веб-страна: www.faktortrust.com.mk |

| Ред. број | Лизинг-компании | Контакт |
|---|---|---|
| 1. | **Друштво за финансиски услуги НЛБ лизинг** | Адреса: ул. Мајка Тереза, бр. 1, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3290 550<br>Факс: + 389 (2) 3210 551<br>Веб-страна: www.nlblizing.com.mk |
| 2. | **Мастер Лизинг** | Адреса: ул. Индустриска, бр. 2, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 2580 000<br>Факс: + 389 (2) 2580 401<br>Веб-страна: www.masterleasing.mk |
| 3. | **С-Лизинг** | Адреса: ул. Македонија, бр. 9/11, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3077 097<br>Факс: + 389 (2) 3077 088<br>Веб-страна: www.s-leasing.mk |

| Ред. број | Друштва за работење со хартии од вредност | Контакт |
|---|---|---|
| 1. | **ЕУРО БРОКЕР** | Адреса: ул. Вељко Влаховиќ, бр. 1-2/2, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3215 198<br>Факс: + 389 (2) 3223 397 |
| 2. | **ЕУРОХАУС** | Адреса: бул. Свети Климент Охридски, бр. 52а, влез 1, бр. 5, влез 2, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3217 095<br>Факс: + 389 (2) 3217 078<br>Веб-страна: www.eurohaus.com.mk |
| 3. | **ИНВЕСТБРОКЕР** | Адреса: ул. Истарска, бр. 33, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3110 280<br>Факс: + 389 (2) 3103 291<br>Веб-страна: www.investbroker.com.mk |
| 4. | **ИНОВО БРОКЕР** | Адреса: бул. Теодосиј Гологанов, бр. 60-1/5, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3120 941<br>Факс: + 389 (2) 3110 950<br>Веб-страна: www.innovobroker.com |

| Ред. број | Друштва за работење со хартии од вредност | Контакт |
|---|---|---|
| 5. | ПОШТЕЛ БРОКЕР | Адреса: ул. 27 Март, бр. 6, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3224 300; +389 (2) 3140 210,<br>Факс: + 389 (2) 3224 300<br>Веб-страна: www.postbank.com.mk |
| 6. | ФЕРШПЕД БРОКЕР | Адреса: ул. Македонија 11А, Скопје<br>Телефон: +389 (2) 3149 344, +389 (2) 3112 891<br>Факс: +389 (2) 3149 400 +389(2) 3149 485<br>Веб страна: www.fersped.com.mk |

| Ред. број | Инвестициони фондови | Контакт |
|---|---|---|
| 1. | Друштво за управување со инвестициски фондови ИНОВО СТАТУС | Адреса: ул. Македонија, бр. 27/2-13, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3298 674<br>Факс: + 389 (2) 3298 675<br>Веб-страна : www.innovostatus.com.mk |
| 2. | ИЛИРИКА ФУНД МЕНАЏМЕНТ | Адреса: ул. Даме Груев, бр. 16, БЦ Палома Бјанка, мезанин, локал 9, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3215 840<br>Факс: + 389 (2) 3215 840<br>Веб-страна : www.ilirika.mk |
| 3. | КБ ПУБЛИКУМ ИНВЕСТ | Адреса: бул. Св. Кирил и Методиј, бр. 50, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3204 490, +389 (2) 3204492<br>Факс: + 389 (2) 3204 494<br>Веб-страна : www.kbpublikum.com.mk |
| 4. | КД ФОНДОВИ | Адреса: ул. Македонија, бр.13 Б, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 6090 300; 389 (2) 6090301<br>Факс: + 389 (2) 6090 302<br>Веб-страна : www.kdfondovi.mk |

| Ред. број | Институции со кои Здружението соработува/или се негови членови (по азбучен ред) | Контакт |
|---|---|---|
| 1. | Дирекција за заштита на лични податоци | Адреса: бул. Гоце Делчев бр. 18, п.фах 417, Скопје<br>Телефон: +389 (2) 3230 635, + 389 (2)3230 617<br>+ 389 (2)3230 790, + 389 (2)3230 413<br>Факс: + 389 (2) 3230 635<br>Веб-страна: www.dzlp.mk |
| 2. | Интернационален картичен систем – КАСИС Скопје | Адреса: бул. Кузман Јосифовски Питу, бр. 1, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3283 833<br>Факс: + 389 (2) 3293 844<br>Веб-страна : www.casys.com.mk |
| 3. | Клириншки интербанкарски системи АД - Скопје | Адреса: бул. Кузман Јосифовски Питу, бр. 1, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3297 400; + 389 (2) 5513 400<br>Факс: + 389 (2) 3297 497<br>Веб-страна : www.kibs.com.mk |

| Ред. број | Институции со кои Здружението соработува/или се негови членови (по азбучен ред) | Контакт |
|---|---|---|
| 4. | **Комисија за хартии од вредност на Република Македонија** | Адреса: ул. Димитрија Чуповски, бр. 26, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3244 670;<br>Факс: + 389 (2) 3244 671<br>Веб-страна: www.sec.gov.mk |
| 5. | **Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје** | Адреса: ул. Орце Николов 75, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3122 055<br>Факс: + 389 (2) 3122 069<br>Веб-страна : www.mse.org.mk |
| 6. | **Министерство за финансии на Република Македонија** | Адреса: ул. Мито Хаџивасилев Јасмин 6.6., Скопје<br>Телефон: +389 (2) 3106 159<br>Факс: + 389 (2) 3106 779<br>Веб-страна: www.finance.gov.mk |
| 7. | **Народна банка на Република Македонија** | Адреса: бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, Скопје<br>Телефон: +389 (2) 3108 108; +389 (2) 3108 219;<br>Факс: +389 (2) 3108 357<br>Веб-страна: www.nbrm.mk |
| 8. | **Унија Финансиска Скопје ДОО** | Адреса: ул. Гоце Делчев, ДТЦ Мавровка, Лам А, Спрат 5, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3218 902<br>Факс: + 389 (2) 3218 910<br>Веб-страна : www.ufs.com.mk |
| 9. | **Управа за финансиско разузнавање** | Адреса: ул. Ѓуро Стругар бр. 5,Скопје<br>Телефон: +389 (2) 3297 540<br>Факс: + 389 (2) 3224 824<br>Веб-страна: www.usppft.gov.mk |
| 10. | **Фонд за осигурување на депозити** | Адреса: бул. 11 Октомври, бр.18, Скопје<br>Телефон : + 389 (2) 3235 730; + 389 (2) 3235 731<br>Факс: + 389 (2) 3296 901<br>Веб-страна : www.fodsk.org.mk |
| 11. | **Централен депозитар за хартии од вредност АД Скопје** | Адреса: бул. Кузман Јосифовски Питу 1, Скопје<br>Телефон : +389 (2) 3299 800<br>Факс: + 389 (2) 3227 760<br>Веб-страна : www.cdhv.mk |

**Издавач:**

**Стопанска комора на Македонија**
Димитрие Чуповски 13
1000 Скопје
Република Македонија
Телефон: + 389 2 3244000
Факс: + 389 2 3244088
Е-адреса: ic@mchamber.mk

**Текст:**
Јасмина Апостолоска

**Главен и одговорен уредник:**
Саво Пејчиновски

**Лектор:**
Станка Дамјановска

**Дизајн и графичко уредување:**
Стево Серафимов

**Здружение на банкарството**

**М-р Јелисавета Георгиева**
Телефон: + 389 2 3244030
Факс: + 389 2 3244088
Е-адреса: jelisaveta@mchamber.mk
Веб: www.mchamber.mk

**Јасмина Апостолоска**
Телефон: + 389 2 3244069
Факс: + 389 2 3244088
Е-адреса: Jasmina.Apostoloska@mchamber.mk
Веб: www.mchamber.mk